РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI NACIONAL
ГОСТИВАРСКИ ТЕАТАР ГТ - TEATRI I GOSTIVARIT
ГОСТИВАР - GOSTIVAR

| Примено / E pranuar | 18.04.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 03 | 82/3 | | |


Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese


# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор
## Ип 1 бр. 57-26
## Датум: 14.04.2022 година

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____ год.
____ 20__ год.
Потпис, ____

## 1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа-Гостиварски театар-Гостивар |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. „Браќа Ѓиноски“ бб - Гостивар |
| Адреса за е-пошта | teatrigv@gmail.com |
| Телефон | 070 347 511 |
| Матичен број на субјектот | 7325789 |
| Даночен број на субјектот | 4007018526475 |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ |

Одговорно/и лице/а на субјектот:

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: директор | Телефон | Е-пошта |

## 2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>**2. ВОНРЕДЕН**</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 07.04.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 8.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 12.04.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа-Гостиварски театар-Гостивар | | |




Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Изведувачка уметност (шифра: 91.01) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. „Браќа Ѓиноски“ бб - Гостивар |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на Налогот од министерката за култура, бр. 57-26 од 06.04.2022 г., а во врска со анонимната пријава ИП 1 бр. 57-26 од 28.03.2022 г., со наводи за нерегуларности и неодговорно работење на директорот на Установата. Вонредниот инспекциски надзор е предвиден и во Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура **(во натамошниот текст: СУИН на МК)** за месец април 2022 година, бр. 57-49/4 од 05.04.2022 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ **(во натамошниот текст: СУИН на МК)**.

5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор е работењето на субјектот на инспекцискиот надзор Националната установа-Гостиварски театар-Гостивар (**во натамошниот текст: Театар**), од аспект на примена на одредбите од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), како и наменското користење на средствата добиени од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура, за реализација на Годишната програма за работа на Установата за 2021 година, согласно со истиот закон.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted], директор | [redacted] | [redacted] |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваа и лицата:

| Р.бр. | Име и презиме/својство | Телефон |
|---|---|---|
| 1. | [redacted], соработник за финансиско и материјално работење | [redacted] |
| 2. | [redacted], виш соработник за општи и правни работи | |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1 - Согласно со член 29 став (1) и (2) и член 30 став (2) од Законот за културата, по пат на јавен оглас, со Решение на заменик министерот за култура бр. 03-7274/2 од 26.05.2021 г., [redacted] е избран за директор на Театарот, со мандат од 4 години. Претходно, одговорно лице на Театарот бил [redacted], именуван за в.д. директор од редот на вработените, со Решение на заменик министерот за култура бр. 44-13814/2 од 21.12.2020 година.

– Согласно со обврската од членот 31-б став (1) од Законот за културата, Театарот до МК има доставено извештаи за остварување на годишната програма за работа на установата за периодот 01.01.2021-01.06.2021 година, бр. 03-117/2 од 01.07.2021 г. и за периодот 01.07.2021-31.12.2021 година, бр 03-16/1 од 06.01.2022 г. (заведен во МК под бр. 20-367/1 од 12.01.2022 г.).

- Согласно со обврската од членот 70-б став (2) од Законот за културата, националните установи во првиот квартал од тековната година за претходната година доставуваат извештај до МК за реализацијата на годишната програма за работа на националната установа, при надзорот утврдено е дека Театарот доставил до МК извештаи за реализација на годишната програма за работа на Театарот, по проекти.

- Согласно обврската од член 70 став (1) од Законот за културата, Театарот до МК ја доставил Нацрт – годишната програма за работа на Установата за 2022 година под бр. 01-115/1 од 29.06.2021 г., а за којашто од страна на УО има дадено согласност,


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

бр. 02-114/2 од 29.06.2021 г., што е обврска од член 36 став (1) т. 3 од Законот за културата.

- Во врска со обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, директорот на установата, по претходна согласност на управниот одбор да ја донесе Годишната програма за работа на националната установа, во рок од 15 дена од донесувањата на решенијата на министерот за култура за прифаќање на проектите содржани во нацрт-годишната програма за работа, при надзорот е констатирано дека министерот за култура донел Решение за проектите од национален интерес во културата на Театарот за 2021 г., бр. УП 1 19-201/2021 од 03.02.2021 г., а Театарот донел Годишна програма за работа, бр. 02-37/7 од 25.02.2022 г., по претходна согласност од УО, со Одлука бр. 02-37/6 од 25.02.2022 година.

10.2. Финансиското работење со средствата од Буџетот на Р.С. Македонија

Од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, во текот на 2021 г. финансирана е дејноста на Театарот со средства во вкупен износ од **17.801.915** денари.
Исто така, во 2021 г. од страна на МК се преведени и **150.000** денари за преостанати обврски од 2020 г. и тоа за проект од драмската дејност (100.000 денари) и за материјални трошоци (50.000 денари).

Средствата според годишните договори за 2021 г., во вкупен износ од **17.801.915** денари се преведени за следните намени:

- **плати и придонеси од плати** — 15.004.139 **денари**
- **програмски активности** — 1.760.000 **денари**
- **средства за намирување на доспеани обврски** — 330.000 **денари**
- **материјални трошоци** — 610.000 **денари**
- **инвестиции** — 97.776 **денари**

Според Банковиот извод бр. 51 од 31.12.2021 г., салдото на нереализирани средства на буџетската сметка на Театарот изнесувало 2.701 денар, од коишто 255 денари од проектите/претстави од драмската дејност и 2.446 денари од средствата за материјални трошоци, коишто на 31.12.2021 г. се вратени во Буџетот на Р.С. Македонија.

Преведените средства, според годишните договори, биле наменети за реализација на проекти од следните дејности:


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| Р.бр | Програма | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | 41–Драмска дејност | 2.700.000 | -1.760.000 денари за проекти, 330.000 денари за исплата на средства за намирување на доспеани обврски на установата и 610.000 денари за материјални трошоци за работа на установата |
| 2. | 84 – Инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема | 97.776 | |
| | **Вкупно:** | **2.797.776 денари** | |

**<u>- 41 Драмска дејност</u>**

Согласно со Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Гостиварски театар-Гостивар од областа на драмската дејност, бр. 19-3038/1 од 25.03.2021 г. и анекс-договорите бр. 19-3038/2 од 07.05.2021 г., бр. 19-3038/11 од 22.06.2021 г. и бр. 19-3038/18 од 21.12.2021 г., на Театарот му се одобрени и преведни средства во износ од 2.700.000 денари, од коишто 1.760.000 денари за проекти/претстави, 330.000 денари за исплата на средства за намирување на доспеани обврски на установата и 610.000 денари за материјални трошоци за работа на установата.

Проектите од драмската дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:

| I Програмски активности/претстави | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р. бр** | **Назив на проект** | **Одобрени и преведени** | **Реализирани трошоци** | **Забелешка** |
| 1. | „На земја"-автор [redacted] режија [redacted] (на албански јазик) | 760.000 | 759.990 | **Проектот е реализиран со премиера на 27.07.2021 г.** - Трошоци по авторски договори за режија, текст, сценографија, костимографија, избор на музика, фото и видео снимање, како и фактури за материјали за сценографија и костимографија, промотивен материјал, коктел и сл. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | -Платено по повеќе банковни изводи<br>-10 денари вратени во Буџет |
| 2. | „12-те бесни мажи"- автор [redacted] режија [redacted] (на албански јазик) | 1.000.000 | 999.755 | **Проектот е реализиран со премиера на 19.09.2021 г.**<br>- Трошоци по авторски договори за режија, текст, сценографија, костимографија, 5 актери, превод, фото и видео снимање, како и фактури за материјали за сценографија и костимографија, промотивен материјал и сл.<br>-Платено по повеќе банковни изводи<br>-145 денари вратени во Буџет |
| **Вкупно I:** | | **1.760.000 денари** | **1.759.745 денари** | **-255 денари вратени во Буџет** |

При надзорот се констатирани неколку неправилности при реализацијата на проектот „12-те бесни мажи"од авторот [redacted] во режија [redacted]

Прво, на режисерот [redacted], по авторски договор и фактура од Агенцијата „Мотиви плус" од Скопје му се исплатени 346.634 денари, иако во финансиската конструкција за претставата предвидена во Образецот за проект од областа на драмска дејност-продукција на професионална претстава (којштo не е составен дел на Договорот со МК), доставен до МК на 01.06.2021 г. за режисерот се предвидени 285.000 денари.

Потоа, во анексите кон авторските договори со режисерот, сценографот-костимограф и петте актери-надворешни соработници е наведено дека „Договореното дело се смета за извршено по завршувањето на премиерата и десет репризи на претставата", а на „Конкорд театрикалс корпорацијата" од Њу Јорк, САД (како застапник на правата на авторот [redacted]) се исплатени средства во износ од 100 американски долари со коишто, според документацијата, се стекнати права за одржување само на една претстава. Договорените хонорари за режисерот, сценографот-костимограф и петте актери се целосно исплатени, иако е одржана само премиерата, без ниту една реприза, што значи дека за предвидените 10 репризи хонорарите им се исплатени авансно. Со оглед дека во тригодишното постоење на Театарот, за ниту една претстава не се одржани повеќе од 2 репризи,


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

прашање е дали договорените 10 репризи воопшто ќе бидат реализирани. Од друга страна, со оглед дека се регулирани авторските права само за една претстава (премиерата), Театарот не смее да реализира ниту една реприза на „12-те бесни мажи", без повторно да исплати надомест на застапникот „Конкорд театрикалс корпорацијата", а за таа намена нема преостанати средства. Инаку, во Образецот за проект од областа на драмска дејност, Театарот предвидел 32.500 денари (доволно за права за одржување на 5 претстави), но поголемиот дел од тие средства се искористени за повисок хонорар за режисерот.

Имајќи го предвид наведеното, при надзорот му е укажано на директорот дека, при водењето на установата, треба се раководи од законитоста и економичноста во работењето, согласно со одредбите од член 28 од Законот за културата.

Средствата за материјални трошоци и доспеани обврски се прикажани во следниот табеларен преглед:

| II Материјални трошоци и доспеани обврски | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р. бр** | **Назив на проект** | **Одобрени и преведени** | **Реализирани трошоци** | **Забелешка** |
| 1. | Исплата на средства за намирување на доспеани обврски на установата | 330.000 | 330.000 | -Трошоци по авторски договори и договори за дело, како и фактури за набавка на материјали, телефон, пошта, адвокатски услуги и сл.<br>-Платено по повеќе банковни изводи |
| 2. | Материјални трошоци за работа на установата | 610.000 | 607.554 | -Трошоци по договори за дело за гардеробер, фризер, портир и правник (исплатени вкупно 316.474 денари), како и за канцелариски материјали, патни трошоци, комјутерска галантерија, потрошен материјал, пошта и сл.<br>-Платено по повеќе банковни изводи<br>-2.446 денари вратени во Буџет |
| **Вкупно II:** | | **940.000 денари** | **937.554 денари** | **-2.446 денари вратени во Буџет** |
| **Вкупно I и II:** | | **2.700.000 денари** | **2.697.299 денари** | **-2.701 денари вратени во Буџет** |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Освен средствата за намирување на доспеани обврски на установата (од претходна година), во износ од 330.000 денари , како и 50.000 денари за материјални трошоци (обврска од 2020 година), со Анекс-договорот бр. 19-3038/11 од 22.06.2021 г., (со пренамена на средства од предвидената претстава „Додека смртта не не раздели“), на Театарот му се одобрени дополнителни 610.000 денари за материјални трошоци за работа на установата. Дел од овие средства, во износ од 316.474 денари, Театарот ги потрошил за исплати по договори за дело за ангажирање на лица како гардеробер, фризер, портир и правник во периодот 01.07.2021-31.12.2021 г. (гардеробер во период од 6 месеци, фризер и портир-5 месеци и правник-2 месеца), иако во претходните 6 месеци од 2021 г. не било ангажирано ниту едно лице по договор за дело.

Средствата се исплатени за следните намени:

[redacted], ангажирана како гаредеробер по Договор за дело бр. 03-766 од 06.07.2021 г., за периодот 01.07.2021-31.12.2021 г., по 6 фактури од „Мотиви плус“ се исплатени вкупно 106.992 денари;

- [redacted] ангажиран како фризер по Договор за дело бр. 03-744 од 30.06.2021 г., за периодот 01.07.2021-10.11.2021 г., по 5 фактури од „Мотиви плус“се исплатени вкупно 77.812 денари;
- [redacted] ангажиран како портир по Договор за дело бр. 03-1043 од 05.08.2021 г., за периодот 03.08.2021-10.11.2021 г., по 4 фактури од „Мотиви плус“ се исплатени вкупно 68.945 денари;
- [redacted] ангажиран како портир по Договор за дело бр. 03-1685 од 26.11.2021 г., за периодот 11.11.2021-21.12.2021 г., по 2 фактури од „Мотиви плус“ се исплатени вкупно 33.545 денари;
- [redacted] ангажирана како правник по Договор за дело бр. 03-1684 од 26.11.2021 г., за периодот 11.11.2021-21.12.2021 г., по 2 фактури од „Мотиви плус“ се исплатени вкупно 29.180 денари;

Целисходноста на ангажирањето на горенаведените лица е спорно од повеќе аспекти. Прво, местото портир воопшто не е предвидено ни во постоечкиот акт за систематизација на работни места во Театарот, а при надзорот е утврдено дека лицето [redacted] ангажиран како портир во периодот 11.11.2021-21.12.2021 г. е постојано вработен како професор по музичко воспитување во гимназијата во Гостивар, па едноставно не бил во можност во исто време да извршува обврски на две места.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Натаму, нема никаква причина за ангажирање на фризер и гардеробер (на место гардеробер веќе има вработено едно лице), за период од шест месеци, во услови кога во тој период Театарот одржал само 2 претстави (премиерите на 27.07.2021 г. и 29.09.2021 г.). Имено, доколку донекаде може да се разбере ангажирањето на фризер и гардеробер во месеците јули и септември (во коишто се одржала по една претстава), тогаш сосема беспотребно е ангажирањето на фризер и гардеробер во останатите месеци до крајот на 2021 година, кога не се одржала ниту една претстава и немало потреба од таков кадар.

Оттука, за ангажирањето на втор гардеробер (71.328 денари за август, октомври, ноември и декември) и фризер (42.148 денари за август, октомври и ноември) во месеците кога Театарот не одржал ниту една претстава, како и за исплатата на 33.545 денари на лицето [redacted] кој не бил во можност во исто време да извршува обврски како портир кога е постојано вработен како професор по музичко воспитување во гимназијата во Гостивар, при надзорот се констатира дека директорот [redacted] ненаменски потрошил буџетски средства во износ од 147.021 денари од средствата за материјални трошоци, со што е сторена повреда на член 70-а став (4) од Законот за културата, а што е казниво според член 91-а став (1) алинеа 7 и став (2) од истиот Закон.

**-84 Инвестиционо одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема**

Согласно со Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Гостиварски театар-Гостивар од областа на инвестиционо одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема, бр. 50-3602/1 од 06.04.2021 г. и Анекс-договорот бр. 50-3602/5 од 03.08.2021 г. на Театарот му се одобрени и преведни средства во износ од 97.776 денари.

- Намената на средствата и направените трошоци се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Намена | Одобрени/ преведени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавка на опрема за потребите на Установата | 45.060 /45.060 | 45.060 | -Платено по Ф-ра бр. 04-21 од 10.05.2021 г. од „Дедебек“ ДООЕЛ-Гостивар (22.100 ден.) и Ф-ра бр. 3-1/21014 од 10.05.2021 г. од „Еуро Тоолс“-Скопје (22.960 ден.)<br>- Извод 13 од 02.06.2021 г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Набавка на компјутер и принтер | 54.940 /52.716 | 52.716 | -Платено по Ф-ра бр. GV2108IF00112 од 31.08.2021 г. од „Анхоч" ДООЕЛ-Скопје (30.580 ден.) и Ф-ра бр. 21-300-02051 од „Окса солушнс" ДООЕЛ-Скопје од 19.08.2021 г. (22.136 ден.)<br>- Извод 33 од 16.09.2021 г. |
| | **Вкупно:** | **97.776 денари** | **97.776 денари** | |

10.3. Во врска со наводите во анонимната пријава ИП 1 бр. 57-26 од 28.03.2022 г. дека вработениот [redacted] повеќе месеци живее и работи во Германија, а редовно зема плата во Театарот, при надзорот е затекнато наведеното лице во Театарот, а од страна на директорот се презентирани и списоци за присуство на работа за минативе неколку месеци на коишто е потпишан [redacted], а од разговорот со присутните лица, инспекторот не беше во можност да ја утврди веродостојноста на списоците, односно дали тие се потпишувани континуирано низ месеците, или непосредно пред инспекцискиот надзор.

Притоа, утврдено е дека Театарот (којшто има 38 вработени) нема систем за електронска евиденција за присуство на работа, иако согласно со член 116 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005; 106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 50/2010; 52/2010; 124/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015, 27/2016, 120/2018 и 110/2019), работодавач кој има над 25 вработени е должен да води електронско евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа.

**Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, констатирани се следните неправилности во работењето на субјектот на надзорот:**

**1. При реализацијата на средствата за материјални трошоци, директорот [redacted] ненаменски потрошил буџетски средства во износ од 147.021 денари за ангажирање на втор гардеробер (71.328 денари за август, октомври, ноември и декември) и фризер (42.148 денари за август, октомври и ноември) во месеците кога Театарот не одржал ниту една претстава (и немало потреба од таков кадар), како и за исплатата**


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

на 33.545 денари на лицето [redacted], кој не бил во можност во исто време да извршува обврски како портир во услови кога е постојано вработен како професор по музичко воспитување во гимназијата во Гостивар, со што е сторена повреда на член 70-а став (4) од Законот за културата, а што е казниво според член 91-а став (1) алинеа 7 и став (2) од истиот Закон.

2. При реализацијата на проектот „12-те бесни мажи", на режисерот [redacted], по авторски договор и фактура му се исплатени 346.634 денари, иако во финансиската конструкција за претставата предвидена во Образецот за проект од областа на драмска дејност, доставен до МК на 01.06.2021 г. за режисерот се предвидени 285.000 денари.
Исто така, во анексите кон авторските договори со режисерот, сценографот-костимограф и петте актери-надворешни соработници е наведено дека „Договореното дело се смета за извршено по завршувањето на премиерата и десет репризи на претставата", а на „Конкорд театрикалс корпорацијата" од Њу Јорк, САД (како застапник на правата на авторот [redacted]) се исплатени средства во износ од 100 американски долари со коишто, според документацијата, се стекнати права за одржување само на една претстава. Договорените хонорари за режисерот, сценографот-костимограф и петте актери се целосно исплатени, иако е одржана само премиерата, без ниту една реприза, што значи дека за предвидените 10 репризи хонорарите им се исплатени авансно. Со оглед дека во тригодишното постоење на Театарот, за ниту една претстава не се одржани повеќе од 2 репризи, прашање е дали договорените 10 репризи воопшто ќе бидат реализирани. Од друга страна, со оглед дека се регулирани авторските права само за една претстава (премиерата), Театарот не смее да реализира ниту една реприза на „12-те бесни мажи", без повторно да исплати надомест на застапникот „Конкорд театрикалс корпорацијата", а за таа намена нема преостанати средства. Инаку, во Образецот за проект од областа на драмска дејност, Театарот предвидел 32.500 денари (доволно за права за одржување на 5 претстави), но поголемиот дел од тие средства се искористени за повисок хонорар за режисерот.

Имајќи го предвид наведеното, при надзорот му е укажано на директорот дека, при водењето на установата, треба се раководи од законитоста и економичноста во работењето, согласно со одредбите од член 28 од Законот за културата.

3. Театарот (којшто има 38 вработени) нема систем за електронска евиденција за присуство на работа, иако согласно со член 116 од Законот за работните односи, работодавач кој има над 25 вработени е должен да води електронско евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа.

За горе утврдените неправилности, ќе бидат преземени следните инспекциски мерки:

- за утврденото ненаменско користење на дел од добиените средства од Буџетот на РСМ во 2021 година, во износ од 147.021 денари, спротивно на член 70-а став (4) од Законот за културата, што е казниво по член 91-а став (1) алинеја 7 и став (2) од истиот Закон, инспекторот ќе му предложи на одговорното лице (директорот) постапка за порамнување, со изрекување на глоба за сторен прекршок преку издавање на прекршочен платен налог, пред да се поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд согласно со Законот за прекршоците (доколку глобата не биде платена),
- во однос на констатацијата од точка 3., односно за утврдената неправилност во однос на примената на одредбите од Законот за работните односи, инспекторот ќе го извести надлежното Министерство за труд и социјала, Државен инспекторат за труд.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:
СОГЛАСНО НАЦРТОТ СО ГОДИШНАТА ПРОГРАМА 01-276/1 ОД 02.11.2020
ЗА ПРЕДСТАВАТА "НАРОДЕН НЕПРИЈАТЕЛ" ЗАЕДНО СМЕНЕТ ПРОЕКТОТ СО "12
БЕСНИ МАЖИ" ЗА РЕЖИСЕРОТ [redacted] Е ПРЕДВИДЕН ЗА УПЛАТА
ОД 550,000 ДЕН. НО СО РЕВИДИРАЊЕ ОД СТРАНА НА КОМИСИЈАТА, ПРОЕКТОТ
БЕШЕ ОДОБРЕН ВО ВИСИНА ОД 1000,000 ДЕН. А РЕЖИСЕРОТ БЕШЕ ИСПЛАТЕН
346,634 ДЕН. БИДЕЈЌИ ИСТИОТ НЕ СЕ СОГЛАСУВАШЕ СО ПОМАЛА СУМА
И ИСТИОТ ПРОЕКТ НЕ ГО НАДМИНУВАШЕ ОДОБРЕНИОТ БУЏЕТ ОД СТРАНА НА МК.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

НЕСОГЛАСУВАЊЕТО НА РЕЖИСЕРОТ СТОЕШЕ КАЈ СУМАТА КОЈА ПРЕТХОДНО БИЛА ПЛАНИРАНА ЗА ИСТАТА ПРЕТСТАВА КОЈА БИЛА ОДОБРЕНА СО ПОВИСОКИ ИЗНОСИ А БИВШИОТ ДИРЕКТОР ОДБИЛ ДА ГО РЕАЛИЗИРА.

- ВО ПРИЛОГ ВИ ДОСТАВУВАМЕ И ПОНАТАМОШНИ ЗАБЕЛЕШКИ ПОРАДИ НЕМАЊЕ ДОВОЛНО МЕСТО ЗА ИСТИТЕ.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: [redacted] директор | [redacted] | Печат и потпис на инспекторот за култура: Зоран Маркозанов, виш инспектор | |
| Датум: | __.11.2022 г. | Датум: | 14.04.2022 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

До –

Министерство за Култура

Сектор за управен и инспекциски надзор

Забелешки при надозорт извршен од страна на испекторот на Министерство за култура се :

Во делот каде што е констатирано дека е направено авансно плаќање на надворешни акртери и режисерот иако се предвидени 10 престави а каде само е исплатено само 100 долари за една реприза за авторски права, јас како директор се одлучив да исплатам целосно договорените хонорари за режисерот, сценографот, костумографот и 5те актери за да покасно од како ке имаме сопсвени финасиски средсва да можеме да одржуваме и другите останати реприза, а пресотанатиот дел од срдесвата предвидени за авторските права од износ 32.500 ден останати дел од сумата ги пренасочив за хонорарот на режисерот бидеќи истиот не се согасуваше со сумата предвидена за него зато што во неколку пати истиот проект во претходни годни беше поминато со поголем износ и вреди да се напомене дека буџетот кој беше одобрен од МК за годишна програма за 2021 година од 1.000.000 ден не е надминат.

Исто така со констатираното за ангажирање на лица со договор за дело се спомнуваат дека биле ангажирани повеќе од 3 лица односно 4 лица истовремено од периодот 01.07.2021 до 31.12.2021 година, градереобер, фризер, портир и правник, истите не биле ангажирани во истовремено, во секое време за наведениот период се нагажирани само 3 соглано Закон за трансформација и воедно да ве известам дека не е оштетен буџетот за материални трошоци.

Јас како директор одлучив дека овие лица се потребни за ангажирање каде за овој период сме имале две престави („12те бесни мажи" и „На земја" ) а конкретно за портирот имав мислење дека треба да се ангажира бидеќи објектот каде сме сместени беше под реновирање од страна на Домот за култура Асном (ги користиме заеднички просторите ) и не бевме сигруни на материалите кој ги поседуваме во театарот и во нашите канцелари, имаше демонтриање и монтирање на врати прозори во нашата утанова иако немаше место за него во систематизација неохподно беше ангажирање на портир поради сигурност на институцијата, а за конкретниот случај за агажирање на Фадби Илази беше ангажиран со договор за дело како портир и работеше повеќе ноќна смена зато што работите за реновација на објектот траеа долго навечер а особено викендите и неколку денови беше ангажиран и преку ден.

Во утврденото дека театрот има 38 вработени а нема систем за електронска евиденцвија за присуство на работа ние како институција сме побарале неколку пати од МК да ни обезбедат средсва за набавка на елктронски ситем за евиденција на вработените и истото не ние одобрено и сме биле приноранi да одржиме евиденција со листи на потписи.

Сакам да ве известам дека во ниеден случај ни во делот материјални трошоци ни во делот на пректи не е надминат буџетот кој ни било одобрено од МК каде во буџетот сме вратиле средсва од 2701 ден .

Потпис на преставникот на субјетот на надзор